**20252504879**

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 21 и член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА РАСПОЛОЖЛИВИОТ ДЕПОЗИТ ПРЕКУ НОЌ

1. Со оваа одлука се регулираат условите и правилата за употреба на расположливиот депозит преку ноќ во денари (во натамошниот текст: депозит преку ноќ) кај Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) како инструмент на монетарната политика.

2. Право на пласирање депозит преку ноќ кај Народната банка имаат банките, филијалите на странски банки и штедилниците (во натамошниот текст: учесникот/учесниците), коишто ги исполнуваат следниве критериуми:

− имаат обврска за задолжителна резерва кај Народната банка и

− учесници се во Македонскиот интербанкарски платен систем (во натамошниот текст: МИПС).

3. Рокот на достасување на депозитот преку ноќ е еден работен ден (преку ноќ).

Каматната стапка на депозитот преку ноќ е еднаква на каматната стапка на благајничките записи од последната одржана аукција намалена за 0,50 процентни поени.

Каматната стапка на благајничките записи од ставот 2 на оваа точка е каматната стапка утврдена од страна на Извршниот одбор на Народната банка при тендер со износи и тендер со максималната каматна стапка, односно просечната пондерирана каматна стапка при тендер со каматни стапки.

Каматата се пресметува со примена на едноставен каматен метод.

4. Пласирањето депозит преку ноќ кај Народната банка може да се врши секој работен ден на МИПС.

Учесникот ја известува Народната банка за износот што ќе го пласира во депозит преку ноќ за своја сметка, преку СВИФТ или на друг начин на писмено известување.

5. Пласирањето депозит преку ноќ кај Народната банка се врши преку доставување налог за пренос на парични средства на посебна сметка кај Народната банка.

Учесникот ги доставува налозите за преносот на паричните средства во депозит преку ноќ кај Народната банка до моментот кога МИПС престанува со примање налози за пренос на парични средства, од учесниците во МИПС за нивните корисници на платежни услуги и тој е неотповиклив.

6. Народната банка го исплаќа депозитот преку ноќ наредниот работен ден на МИПС, на почетокот на работното време на МИПС.

Каматата се пресметува и се плаќа во текот на истиот работен ден на денот на достасувањето на депозитот преку ноќ.

Каматата се пресметува со примената на следнава формула:

$$K = \frac{D \cdot k \cdot d}{100 \cdot 360}$$

каде што:
К–каматата на депозитот;
D–износот на депозитот;
к–каматната стапка;
d–календарскиот број на денови.

7. Извршниот одбор на Народната банка има право да го ограничи пласирањето депозит преку ноќ кај Народната банка, делумно или во целост, заради исполнување на целите и насоките на монетарната политика.

8. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за расположливите депозити („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/24).

9. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 24 декември 2025 година.

Бр. 02-39256/7
5 декември 2025 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.